**Записник**

од шестата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација

одржана на ден 11.06.2019 година со почеток во 10:00 часот

во сала за состаноци на Кабинетот на МИОА

**Присутни:** Александар Бајдевски (МИОА – заменик министер - раководи со Секретаријатот за РЈА); Билјана Николовска Жагар (МИОА – заменик член); Тања Стаменова (ГС – член); Татјана Трајковска (МФ - член); Христина Конеска – Бероска (СЕП – заменик член); Снежана Наџаковска (СЗ - член); Маја Малјановска (МП – член); Миланчо Успрцов (АА – член); Елтон Зекири (ССРД – член); Лидија Цветановиќ (КМОТК - член); Маја Стојановска (МТСП – заменик член); Елена Манчева (МИОА); Марина Шаф - Радеска (МИОА); Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА); Симона Манева (МИОА).

Шестата седница на Секретаријатот за РЈА започна со воведно обраќање од страна на заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, кој воедно и раководи со Секретаријатот за РЈА.

Потоа, се пристапи кон усвојување на Дневниот ред и дискусија по точките од истиот:

<u>Дневен ред:</u>

**1. Усвојување на Записникот од петтата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 20.05.2019 година во 11.00 часот.**

**2. Статус на реализација на мерките и активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година, предвидени за III и IV квартал 2019 година.**

**3. Оперативен план за Стратегијата за реформа на јавната администрација за 2019 година.**

**4. Разно (прашања и предлози).**

Заменик министерот за информатичко општество и администрација, Александар Бајдевски, по претставувањето на Дневниот ред побара од присутните да се изјаснат доколку имаат дополнувања или забелешки по истиот. Потоа, се премина на разгледување на точките.

По **точка 1** од Дневниот ред, **Усвојување на Записникот од петтата седница на Секретаријатот за РЈА, одржана на ден 20.05.2019 година**, заменик министерот

за информатичко општество и администрација го претстави записникот од петтиот состанок на Секретаријатот, на кој присутните немаа забелешки. Оттука, записникот од петтата седница на Секретаријатот за РЈА беше едногласно усвоен.

По **точката 2** од Дневниот ред, **Статус на реализација на мерките и активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година, предвидени за III и IV квартал 2019 година,** Бајдевски посочи дека треба да се размисли за ревизија на Акцискиот План на Стратегијата за РЈА. Истакна дека целите и мерките треба да останат исти, но дека е неопходно да се усогласат и допрецизираат активностите. Тој укажа особено на потребата од ревизија во Приоритетната област 4 – Давање на услуги и ИКТ, бидејќи во неа се содржани активности кои се надминати и има потреба да се направи поинаков концепт. Бајдевски ги замоли присутните, секој во својата област, во име на институциите чии претставници се, во рок од седум дена да доставaт преглед на постигнувања за активности каде што институциите се водечки.

**Билјана Николовска Жагар (МИОА)** се надоврза и побара во истиот тој период од седум дена да се посочат и активностите кои биле нејасни, недобро разбрани, имало било каков проблем или дилема.

Таа спомена дека треба да се размислува и за новиот Полугодишен извештај (јули 2019г.), како и дека би требало да се направи Оперативен план на активности до крајот на 2019 година, а бидејќи времето е кратко ги замоли присутните со засилен ангажман да помогнат околу активностите. Истакна дека добредојдени се сите препораки од СЕП за подобро снаоѓање во целиот процес, а доколку на било каков начин има потреба од координација на соработката, МИОА стои на располагање преку ангажман на координаторите на секоја од приоритетните области да се вклучи, се со една заедничка цел - да се направи пореалистичен план. Исто така, ги замоли присутните да се искористи буџетското планирање оваа година и додаде дека за дополнителни насоки на располагање стојат луѓето од финансискиот оддел на МИОА како и од МФ.

**Христина Конеска - Бероска (СЕП)** се согласува со кажаното во однос на буџетот и во таа насока смета дека покрај буџетското, и планирањето на странска донаторска помош е особено важно. Извести дека на 20.06.2019г. ќе се одржи Комитет за стабилизација и асоцијација, на кој како точка се разгледува и РЈА. Таму ќе се соопштат информациите што ги нотира и Извештајот во однос на постигнатите резултати, а ќе ги потенцираат главните активности што се очекува да бидат реализирани. Меѓу другото, таа смета дека не треба да планираме преамбициозно за да нема проблеми при испорачување на резултатите. Потенцираше да се земе во предвид дека следат годишни одмори, со цел да се запази временската рамка.

**Александар Бајдевски** информираше дека МИОА, заедно со невладините организации, одржа заедничка промоција на шестмесечниот Извештај и ги замоли присутните да даваат реални одговори на прашањата поставени од страна на граѓанскиот сектор преку слободниот пристап до информациите од јавен карактер што се однесуваат на имплементација на активностите од Стратегијата за РЈА, како и да се дава реален приказ на сработеното, бидејќи стигнуваат забелешки дека институциите не даваат одговори на доставените прашања. Притоа, укажа на потребата од зајакнување на меѓуресорската координација, посочувајќи да не се бришат активностите, поради оградување на носечките институции од одговорност за спроведување на мерките и активностите од Акцискиот план.

**Христина Конеска - Бероска (СЕП)** додаде дека со ревизијата на Акцискиот план ќе се утврди одговорноста на институциите при спроведувањето на активностите, односно некои институции ќе се додадат или изземат за да не се случи испуштање на некоја институција. На крајот, праша дали со ревизијата незавршените мерки ќе се префрлат во следниот квартал?

**Билјана Жагар Николовска (МИОА)** и одговори дека треба да се погледнат до крај активностите бидејќи сите тие се меѓусебно поврзани. Исто така, смета дека треба да се преиспитаат роковите, а истовремено и да се обрне внимание како билатералната соработка на одредени институции со донаторите влијаеле врз спроведување на активностите.

**Александар Бајдевски** додаде дека, покрај предлогот за ревидирање, треба да се направи и ажурирање на сите активности, заедно со Оперативниот план.

**Елтон Зекири (ССРД)** праша дали е направена Анализа на досегашната примена на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност и подготвување на предлог за нејзино подобрување. Бајдевски одговори дека се воделе разговори на таа тема, дадени биле и некои предлози и смета дека оваа Анализа треба да се има предвид при изготвување на измените на ЗАС и ЗВЈС. Тој додаде дека е очигледна потребата од имање начин на селекција во однос на новите вработувања, со примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и дека добра база претставува Годишниот извештај за вработени во јавен сектор. Останува да се види дали е постигната целта во однос на воспоставувањето на Методологија. Тој смета дека има одреден прогрес, етничката застапеност е добра, но дека се наидува на проблеми со институциите во делот на вработувањето. Имено, проблем претставува соодветниот кадар со припадност на заедница која се бара во јавниот оглас, со што се губи време на повторување на огласите.

**Билјана Николовска Жагар** дополни дека Анализата треба да ни ги покаже реалните потреби на институциите. Балансерот треба да биде прилагоден на

вистинските потреби во однос на профилот на идните вработени, па во таа смисла квалитативно подобрување мора да има.

**Бајдевски** ја посочи АА, за која рече дека е сведок на многу состојби во кои настанува проблем при процесот на вработување, каде кандидатите си ја определуваат националноста според потребите на понуденото работно место, па се случува да нема голем интерес, бидејќи кандидатите не се ни охрабруваат да конкурираат, кога гледаат однапред барана етничка припадност во јавниот оглас.

**Миланчо Успрцов (АА)** се согласи и истакна дека мал е бројот на пријавени кандидати на јавните огласи за работа во администрација. Загрижувачки е и податокот дека бројот на кандидати во почетната фаза од постапката за вработување е фрапантно голем, а во завршна фаза се сведува на само неколку кандидати. Ова го покажува и Годишниот извештај за работата на АА, доставен до Собрание на СРМ. Тој смета дека треба заеднички да се работи на оваа проблематика.

**Маја Маљановска (МП)** во истиот контекст додаде дека при повторно објавување на огласите треба да се нагласи дека првото објавување било неуспешно, бидејќи токму од таа причина пропаѓаат огласите, поради недостаток од кандидати за избор.

**По точката 3 од дневниот ред, Оперативен план за Стратегијата за реформа на јавната администрација за 2019 година, Билјана Николовска Жагар** истакна дека во наративниот дел од Стратегијата за РЈА, е наведено дека за секоја година ќе правиме Оперативен план. Појдовна точка за Оперативниот план за тековната година ќе биде Годишниот извештај. Таа на присутните им даде насоки за начинот на подготовка на истиот и истакна дека за секоја активност треба да се оди подетално во чекори. Оперативниот план ќе даде одговор на прашањата кој, кога, зошто и на кого ќе реферира за секоја од активностите. МИОА е координатор во спроведувањето на активностите од Акцискиот план и токму со помош на ваквиот план во континуитет ќе може да го следиме текот на нивната реализација, наместо да се чека до финализирање на извештаите.

**Александар Бајдевски** предложи пристапот за подготовка на Оперативниот план да ни биде ист на сите за полесно финално спојување на активностите. Воедно, ги замоли присутните Оперативниот план да се направи заедно со Извештајот најдоцна до месец декември оваа година.

**Христина Конеска Бероска (СЕП)** предложи хоризонтално планирање. Додаде дека често се случува недостаток од синхронизација во институциите. Во Годишната програма на Владата, стратешкото планирање е и вертикален и хоризонтален процес – вториот оди потешко. Смета дека е потребен усогласен систем за да има резултати и ефекти.

**Билјана Николовска Жагар** посочи дека во Извештајот на Европската комисија за прогресот на РСМ во 2018 година, во делот за РЈА е нагласено очекувањето за јакнење на капацитетите на МИОА на техничко ниво и за поголема вклученост на МФ во целокупната реформска координација. Оттука, евидентна е потребата за создавање механизам на редовна комуникација меѓу МИОА и МФ за стратешките документи (Стратегија за РЈА, Програма за управување со јавните финансии и Стратегијата за јавна внатрешна финансиска контрола). Таа истакна дека е потребно да се синхронизираат очекувањата и пристапот при следењето, а воедно да се изнајде соодветен начин на координација за да не се повтори отстапувањето на роковите за изготвување и презентирање на годишниот и полугодишните извештаи.

**Христина Конеска – Бероска (СЕП)** дополни дека Европската комисија инсистира процесите да одат заедно и дека сме обврзани да воспоставиме механизам за координација. За таа цел, даде предлог МИОА, МФ и СЕП да договорат како да се воспостави тој механизам за меѓусебна координација, а истовремено да се изнајде начин за координација на системското следење на сите стратешки документи.

**Билјана Николовска Жагар** предложи да има посебен состанок за овие заклучоци.

Заменик министерот **Александар Бајдевски** на крајот заклучи дека е потребно да се одржи работилница во Клуб на пратеници, со цел да се направи темплејт и да се дадат кратки насоки, за да бидеме воедначени во однос на Оперативниот план и сите заедно на едно место да го изработат истиот, пред се во интерес на времето.

На крајот, тој ги извести присутните дека ажурираната табела заедно со Годишниот извештај ќе биде испратена до сите членови и присутни по завршување на седницата на Секретаријатот за РЈА.